# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА – СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА
НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE
TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKА

Бр.-Nr. 02-310/4

11.02 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# С Т А Т У Т

## НА ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ

Скопје, февруари 2021 год.

Врз основа на член 19 став (2) точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996, 9/1997,6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018,35/2019 и 275/19) Управниот одбор на ЈП ЛАЈКА Скопје на седницата одржана на ден 11.02.2021 година, донесе

# СТАТУТ
# НА ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ

## 1.*ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

**Член 1**

Со статутот на Јавното претпријатие ЛАЈКА-Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на јавното претпријатие.

**Член 2**

Градот Скопје е основач на јавното претпријатие и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

**Член 3**

Јавното претпријатие за благосостојба на животни скитници ЛАЈКА, Скопје (во понатамошниот текст: Претпријатие) се основа заради вршење на дејност од јавен интерес од локално значење за градот Скопје.

**Член 4**

Претпријатието е основано со Одлука на Советот на Град Скопје,број 27-1959/1од 28.02.2019 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.03/19) и е запишано воТрговскиот регистар воСкопје со Решение од 03.04.2019 година со ЕМБС 7345178.

**Член 5**

Во работењето на Претпријатието, службени јазици се македонскиот јазик со неговото кирилско писмо и албанскиот јазик и неговото писмо, како и јазик и писмо што го користат граѓаните како припадници на заедницата која со над 20% учествува во вкупниот број жители на Град Скопје.

**Член 6**

При вработувањето во претпријатието, задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници без да се нарушат принципите на стручност и компетентност.

Положбата на вработените во претпријатието се уредува со поединечни акти во согласност со Законот за јавните претпријатија, Законот за вработенте во јавниот сектор, Законот за адмнистративни работници, Закон за работни односи и колективните договори.

## 2. *ФИРМА И СЕДИШТЕ*

**Член 7**

Претпријатието во правниот промет настапува под следниот назив:

- Јавно претпријатие за благосостојба на животни скитници ЛАЈКА Скопје
- Ndërmarrja publike për mirëqenie të kafshëve endacake LLAJKA Shkup

Скратениот назив на Претпријатието гласи:

- ЈП ЛАЈКА Скопје
- NP LLAJKA Shkup.

**Член 8**

Седиштето на Претпријатието е во Скопје, на улица 840 број 2, Општина Гази Баба.

За промена на називот и седиштето на Претпријатието одлучува Управниот одбор на Претпријатието по претходно добиена согласност од Советот на ГрадСкопје.

## 3. *ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ*

**Член 9**

Претпријатието има печат во форма на круг, со пречник 40 мм во кој во горниот дел е впишан текстот: "Јавно претпријатие за благосостојба на животни скитници ЛАЈКА Скопје",а во долниот дел е впишан текстот: "Ndërmarrja publike për mirëqenie të kafshëve endacake LLAJKA Shkup".

Претпријатието има и мал печат во форма на круг, со пречник од 28мм во кој во горниот дел е впишан скратениот назив на Претпријатието: "ЈП ЛАЈКА Скопје", а во долниот дел е впишан текстот "NP LLAJKA Shkup".

Секој печат содржи реден број под кој е издаден.

**Член 10**

Претпријатието има штембил во форма на правоаголник со димензии 65мм x 40мм во кој е впишан текстот:

Република СевернаМакедонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈП ЛАЈКА Скопје,ул.840 бр.2
NP LLAJKA Shkup, 840 2
Број/Numër
Дата/Data

**Член 11**

Начинот на употребата, ракувањето, чувањето и уништувањето на печатот и штембилот на Претпријатието се регулира со одлука на Директорот согласно Законот.

**Член 12**

Претпријатието има амблем (лого) преку кој симболично е прикажана основната дејност на Претпријатието.

Формата и содржината на амблем (лого) го утврдува Управниот одбор на Претпријатието.

Изгледот на логото е следниот:

## 4. *ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ*

**Член 13**

Во рамките на своите овластувања, Претпријатието го застапува и претставува Директорот на Претпријатието.

Директорот на Претпријатието може, преку писмено полномошно, да овласти друго лице да го застапува и претставува Претпријатието.

Содржината обемот на овластувањето од предходниот став го определува Директорот на Претпријатието.

## 5. *ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 14**

Претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на хуман третман, заштита и благосостојба на животните како комунална дејност од јавен интерес за Градот Скопје.

**Член 15**

Во правниот промет и во односите со трети лица, Претпријатието истапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот.

За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатијето одговара со целиот имот.

**Член 16**

Основна дејност на Претпријатието е под шифра која гласи:
01.49 - Одгледување на други животни

Во функција на основната дејност врши и други дејности:

75.00 – ветеринарни дејности
01.62 – помошни дејности за одгледување на животни
96.09 - Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место

**Член 17**

Заради остварување на својата дејност, а согласно Законот за комунални дејности, Законот за локална самоуправа, Закон за јавни претпријатија, Закон за заштита и благосостојба на животните и Законот за ГрадСкопје, Претпријатието ги врши следните активности:

-континуирано, организирано и квалитетно заловување на бездомни животни;

-времено сместување во прифатилишта и обезбедување соодветна заштита на бездомните животни;

-контрола на популацијата на бездомните животни;

-редовно хранење и напојување, и

-ветеринарно медицински третман на бездомните животни на подрачјето на градот Скопје, на начин утврден со закон или друг акт.

**Член 18**

Претпријатието дејноста од јавен интерес ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со Законот, овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.
Претпријатието е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално-финансиско работење, согласно Закон, овој Статут и Меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

## 6. *ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 19**

Претпријатието, во вршењето на дејноста од јавен интерес, се организира на начин со кој се обезбедува:

1. Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите;
2. Техничко - технолошко и економско единство на системот;
3. Ефикасност и транспарентност во работењето;
4. Развој и усогласеност на сопствениот развој во вкупниот стопански развој на град Скопје;
5. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

6. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците и
7. Самостојност, еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Дејноста на Претпријатието се организира во рамките на сектори и одделенија според однапред утврдена програма и план.

**Член 20**

Внатрешната организација на Претпријатието подетално се уредува со акт за внатрешна организација кој на предлог на Директорот го донесува Управниот одбор. Согласност на актот дава Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 21**

Основањето на нови сектори и одделенија, спојување, укинување или поделба на постојните се врши со одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организација за што одлучува Управниот одбор на Претпријатието во согласност со програмата за работа и потребите на дејноста на Претпријатието и во зависност од техничко-технолошките карактеристики на процесот на работа.

## 7. *ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 22**

Органи на претпријатието се

-Управен одбор,
-Директор и
-Надзорниот одбор за контрола на материјално– финансиското работење.

### *1. УПРАВЕН ОДБОР*

**Член 23**

Орган на управувањето на Претпријатието е Управен одбор.
Управниот одбор го именуваСоветот на Град Скопје.

**Член 24**

Бројот и составот на Управниот одбор го утврдува Советот на Град Скопје со решение за именување за членови на Управниот одбор.
За членови на Управниот одбор се именуваат претставници од редот на афирмирани познати стручни лица во областа на предметот на работењето на претпријатието, имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.
Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.
За член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени согласно Законот за јавни претпријатија

**Член 25**

(1) Управниот одбор има претседател, кој се избира од редот на своите членови.

(2) Претседателот на Управниот одбор:

1)го претставува Управниот одбор,

2) ги свикува и ги води седниците на Управниот одбор,

3)ги потпишува актите на Управниот одбор,

4)се грижи за извршување на актите на Управниот одбор,

5) врши и други работи определени со закон, овој Статут и деловникот за работа на Управниот одбор.

(3) Ако претседателот на Управниот одбор од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со седниците на Управниот одбор раководи член избран со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор

**Член 26**

Управниот одбор на Претпријатието:

1.Го донесува Статутот на претпријатието, неговите измени и дополнувања:
2.Одлучува за статусни промени на претпријатието;
3.Одлучува за економски, организациони и технолошки промени во Претпријатието;
4. Ја усвојува Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Град Скопје;
5. Ја усвојува Програма за работа и развој на претпријатието и програмски документи;.
6. Ја утврдува деловната политика;
7. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на Претпријатието;
8. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на Претпријатието и покривањето на загубите;
9.Одлучува за задолжувањата на Претпријатието;
10. Ја донесува годишната инвестициона програма;
11.Ги донесува одлуките за инвестиции;
12. Ги утврдува цените на производите и услугите;
13. Одлучува за внатрешна организација на Претпријатието;
14.Го усвојува Годишниот план за вработување во претпријатието;
15. Го усвојува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите за вработените во јавното претпријатие;
16. Ги утврдува основната плата и додатоците на плата на вработените;
17. Го усвојува актот за систематизација на работните места;
18. Го донесува деловникот за работа на Управниот одбор;
19. Го донесува Финансискиот план на претпријатието;
20. Формира комисии;
21. Склучува колективни договори;
22. Одлучува за службени патувања на Директорот на претпријатието во странство;
23. Донесува одлуки и мерки за заштита и унапредување на животната

средина;
24. Одлучува по жалби и приговори на вработените во Претпријатието кога тоа е утврдено со закон или колективен договор
25. Се грижи за информирање на работниците;
26. Врши и други работи утврдени со Закон, одлуките на Советот на Град Скопје, овој Статут и општите акти на Претпријатието;

На актите од член 26 став 1, алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9, 10, 12, 14 и 15, согласност дава Советот на Град Скопје.

**Член 27**

Управниот одбор полноправно работи и одлучува доколку на седница присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.
Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.
Секој член на Управниот одбор има еден глас.
Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 28**

Управниот одбор во донесувањето на одлуките со кои се нанесува штета на претпријатието одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со донесувањето на таквите одлуки.
Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваа на органите на управување.

## 2. *ДИРЕКТОР*

**Член 29**

Орган на раководење на претпријатието е Директорот.
Директорот на Претпријатието го именува односно разрешува Градоначалникот на Град Скопје врз основа на јавен конкурс.
Мандатот на Директорот трае 4 (четири) години.

**Член 30**

Директорот на претпријатието во рамките на своите права и должности:
1. Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор
2. Ја предлага и учествува во спроведувањето на основите на деловната политика, Програмата за работа и развој на Претпријатието;
3. Донесува акти и дава налози и упатства за извршување на работите од неговиот делокруг, за спроведување на основите на Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Град Скопјеи дава предлози за изменување и дополнување на истата;
4. Учествува во утврдувањето на критериуми за користење и распоредување на средства и управување со средствата остварени со работење на Претпријатието;
5. Врши усогласување на деловната активност на Претпријатието;

6. Го застапува и претставува Претпријатието, склучува договори и превзема други правни работи во согласност со Закон;
7. Предлага донесување на акти од делокругот на Управниот одбор;
8.Ги донесува актот за внатрешната организација и актот за систематизација на работните места, по претходна согласност од управниот одбор на јавното претпријатие и од Министерството за информатичко општество и администрација во делот на усогласеноста со посебните законски одредби;
10. Го подготвува и донесува Годишниот план за вработување во претпријатието по претходна согласност од советот на Град Скопје и мислење од Министерство за информатичко општество и администрација;
11. Донесува одлука за потреба за засновање на работен однос, избор и засновање на работен однос, акт за унапредување на вработените,нивно распоредување и престанок на работниот однос, стручно усовршување, управување со ефектот на вработените во согласност со Закон;
12. Ја утврдува вредноста на бодот на основната плата и донесува правилник за плати на Претпријатието;
13. Должен е секои шест месеци да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје;
14.Го објавува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на Веб страната на јавното претпријатие
15. Го следи и анализира извршувањето на плановите и договорните обврски и презема мерки за нивно остварување;
16. Издава полномошно за застапување на Претријатието;
17. Формира комисии од негова надлежност;
18. Донесува упатства, наредби, задолженија, овластувања и налози,со кои се обезбедува работењето на Претпријатието;
19.Донесува одлука за работното време на работниците и одмор во текот на работата;
20.Донесува Правила за работен ред и дисциплина;
21.Изрекува дисциплински мерки и донесува одлуки за надомест на материјална штета;
22. Обезбедува мерки за заштита на работниците и животната средина и
23. Врши и други работи во согласност со Закон, овој Статут и другите акти на претпријатието;

**Член 31**

Директорот на претпријатието склучува договор со Градоначалникот на Град Скопје за уредување на односите со претпријатието, во кој поединечно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно законот.

Директорот е одговорен за резултатите од своето работење пред Градоначалникот на Град Скопје.

Директорот во извршувањето на одлуките со кои се нанесува штета на претпријатието одговара неограничено за штетата настаната со извршување на таквите одлуки.

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 32**

Директорот во име на Претпријатието е овластен да склучува договори и да преземе други правни работи како и да го застапува Претпријатието пред судот и другите органи.

Директорот склучува договори и спогодби кои се однесуваат на реализација на инвестиционите вложувања предвидени со Инвестиционата програма и Програмата за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Град Скопје.

**Член 33**

Директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- На негово барање,
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон,
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив,
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие,
- ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од Законот за јавните претпријатија,
- ако и по истекот на рокот определен во членот 23-а став 3 од Законот за јавните претпријатија не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и
- ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од Законот за јавните претпријатија не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на Веб страната на јавното претпријатие

**Член 34**

До именување на нов Директор, Градоначалникот именува вршител на должност Директор на Претпријатието но не подолго од 6 (шест) месеци.

**Член 35**

Директорот мора да определи вработен во претпријатието кој го заменува во негово отсуство и го води тековното работење на претпријатието.

Вработеното лице го заменува Директорот на Претпријатието во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно Законот и овој Статут.

## 3. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 36**

Орган за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Претпријатието е Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во понатамошниот текст: Надзорен одбор)

Членовите на Надзорниот одбор ги именува односно разрешува Советот на Град Скопје.

**Член 37**

За член на Надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени согласно Законот за јавни претпријатија

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 38**

Надзорниот одбор својата работа ја врши согласно надлежностите предвидени во Законот и Статутот.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку 4 пати годишно.

За резултатите од извршената контрола, Надзорниот одбор писмено го известува Управниот одбор, Советот на Град Скопје и Министерството за финансии.

**Член 39**

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седница на Управниот одбор.

**Член 40**

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатието и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење годишните сметки и Извештајот за работење на јавното претпријатието, ако предходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор за контрола.

**Член 41**

Членовите на Надзорниот одбор во вршењето на своите надлежности со кои се нанесува штета на претпријатието одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со извршување на таквите одлуки.

Одговорноста на членовите на Надзорниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## 7. ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

**Член 42**

За успешно функционирање и подобрување на работата на Претпријатието, како и за остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во Претпријатието се формираат комисии:

-Комисија за заштита при работа
-Комисија за контрола на боледување
-Комисија за проценка и продажба на отпишани средства
-и, други комисии

Во Претпријатието по потреба може да се формираат и други постојани и повремени комисии и работни тела.
Комисиите и работните групи ги формира Управниот одбор и Директорот на Претпријатието, секој во доменот на своите надлежности и овластувања.
Надлежноста, начинот на работа и други прашања во врска со комисиите и работните тела се уредуваат со општ акт на Претпријатието.

## *8. ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 43**

Општи акти на Претпријатието се:

1. Статут на Претпријатието;
2. Правилник за внатрешна организација;
3. Правилник за систематизација на работните места;
4. Колективен договор на Претпријатието;
5. Правилаза работен ред и дисциплина;
6. Правилник за плати;
7. Правилник за заштита при работа и
8. Други акти во согласност со Закон.

**Член 44**

Постапката за донесување, измена и дополнување на општите акти се покренува со иницијатива на Директорот, Управниот одбор, Надзорниот одбор, како и мнозинскиот Синдикат.
Директорот, односно Управниот одбор ја ценат оправданоста на покренатата иницијатива од ставот 1 на овој член.

**Член 45**

Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и со овој Статут.
Општите акти се објавуваат на огласна табла и влегуваат во сила со денот на објавување, а доколку е потребна соодветна согласност, општиот акт ќе се применува по добивањето на согласност.

## *9. РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

### 1. Имот и средства на Претпријатието

**Член 46**

Имотот на претпријатието го сочинуваат сите објекти, средства, пари и права. Претпријатието работи со онолку жиро сметки колку што му се потребни за остварување на своите функции.

**Член 47**

Средствата за работа на Претпријатието се обезбедуваат од:
-Приходи кои ги остварува Претпријатието;
-Буџетот на Град Скопје;
-Кредитни средства;
-донации, проекти и други извори на средства во согласност со Закон, Одлуки на Советот на Град Скопје и други акти на основачот.

**Член 48**

Претпријатието има обврска да доставува тримесечни извештаи до Советот на Град Скопје кои содржат показатели за финансиското работење.

### 2. Програма за работа и развој на Претпријатието.

**Член 49**

За позитивно работење и развој на Претпријатието, односно за обезбедување на трајно и континуирано вршење на дејноста, квалитет на услугите и зголемување на успешноста во работењето, Управниот одбор донесува Програма за работа и развој на Претпријатието на предлог на Директорот.
Советот на Град Скопје дава согласност за Програмата за работа и развој.
За реализација на Програмата за работата и развој на Претпријатието одговорен е Директорот на Претпријатието.

## *10. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО*

**Член 50**

Претпријатието го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услуги, како битна претпоставка за својата функција во комуналната дејност во Градот Скопје,
Претпријатието е должно за својата работа, работење и развојни програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг погоден начин.

**Член 51**

Претпријатието е должно редовно, навремено, целосно и вистинито да ги информира работниците за сите прашања кои се важни за работата и развојот на Претпријатието, како и за остварувањето на нивните права.
Работниците во Претпријатието се информираат преку билтен, огласни табли и други форми на информирање.

## *11. ДЕЛОВНА ТАЈНА*

**Член 52**

За деловна тајна се сметаат податоците што надлежен орган ги прогласил за деловна тајна и што како доверливи, Претпријатието ги соопштило на надлежниот орган.
Податоците што се сметаат за деловна тајна можат да се соопштат на трети лица, само врз основа на одлука на Управниот одбор на Претпријатието.
Не се смета за повреда на деловна тајна, ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи, организации или лица на кои им се соопштува согласно законските прописи и на седница на Управниот одбор, ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

**Член 53**

Податоците што преставуваат деловна тајна се чуваат одвоено од останатата документација на Претпријатието.
Користењето на податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користи од овластени лица само во просториите на Претпријатието.
Одавањето на деловна тајна претставува тешка повреда на работните обврски.

## *12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 54**

Општите акти утврдени со овој Статут ќе се усогласат и донесат во рок од 6 месеци од влегување во сила на Статутот.
До усогласувањето, односно донесувањето на општите акти од предходниот став ќе се применуваат општите акти кои се во важност, доколку не се во спротивност со овој Статут.

**Член 55**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Претпријатието број 02-04/3 од 23.05.2019 година.

**Член 56**

Овој Статут влегува во сила и ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Град Скопје.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**ДВМ Никола Савовски**

ЈАВНО ... НА ... СКОПЈЕ ЛАЈКА LLAJKA SHKUP NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA
Бр.-Nr. 02-310/5
11.02 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 11 и член 19 од Законот за јавни претпријатија (СВ бр. 38/1996, 9/1997,6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и 275/19) и член 26 од Статутот на ЈП Лајка Скопје бр.02-04/3 од 23.05.2019 година, Управниот одбор на седницата одржана на 11.02.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување**

**Член 1**

Се усвојува Статутот на ЈП ЛАЈКА Скопје бр. 02-310/4од 11.02.2021 година.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање согласнот од Совет на Град Скопје.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа одлука и по добиената согласнот, престанува да важи Статут бр. 02-04/3 од 23.05.2019година.

*Обаразложение*

Поради измените на Законот за јавни претпријатија, Законот за вработени во јавниот сектор, Закон за административни службеници и Закон за заштита и благосостојба на животните, се изготви и донесе нов статут на претпријатието, во кој се имплементирани и извршено е усогласување со законските одредби.

Поради тоа се донесе одлука како во диспозитивот.

**Доставено до:**
-архива
-Совет
-претс.на УО
-директор

**ЈП ЛАЈКА СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО,**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ СКОПЈЕ ЛАЈКА LLAJKA SHKUP NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE

**ДВМ Никола Савовски**